# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА Е-ПРАКТИКУМ СО НАСЛОВ „МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ПО КУЛТУРА НА ГОВОРОТ" ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р КИРИЛ БАРБАРЕЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2102-100/39 од 54. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 20.3.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Лена Дамоска, Филозофски факултет, Институт за педагогија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје;
– проф. д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за практикум „Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот" од авторот доц. д-р Кирил Барбареев, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Практикумот „Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот" од авторот: доц. д-р Кирил Барбареев е наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки, за реализација на наставата (вежби) од наставните предмети Методика на развој на култура на говор 1 и Методика на развој и култура на говор 2 на насоката за предучилишно воспитување, предмети кои се слушаат во петти и шести семестар со неделен фонд на часови 2+2+1. Практикумот е во согласност со наставната програма и се однесува на наставната материја за студиската програма за предучилишно воспитување, поконкретно за реализација на вежбите од претходно наведените наставни предмети. Изложените содржини соодветствуваат на предметната програма и ќе претставуваат неопходен материјал за совладување на знаењата од предметот Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот.

**Податоци за обемот ракописот**

Ракописот е во обем од 132 страници, структуриран во четири дела и библиографија, обработени на едноставен, јасен, концизен начин. Истиот ќе им овозможи на идните негови консументи (студенти, воспитувачи, професионалци...) запознавање со практичните аспекти на Методиката на воспитно-образовна работа по култура на говорот и со основните проблеми на кои можат да наидат при неговата разработка. Конципиран е како прирачник и е во функција на практична проверка и зацврстување (втемелување) на практичните знаења од оваа методика. На едноставен и практичен начин во него се објаснети дел од сложените содржини кои се однесуваат на збогатувањето на речникот, артикулацијата, дискриминацијата и разработката на уметнички текстови, постои изразена прегледност и визуелност која води кон нивно полесно совладување и нивна поедноставна практична примена, при што до израз доаѓаат педагошките и дидактички вредности на трудот.

Содржината на практикумот ја следи концепцијата на е-скриптата „Методика на воспитно-образовна работа по култура на говорот" и заедно со него чини една целина, негов нераздвоив дел.

Ракописот е напишан на А4 формат, нормален проред, фонт Times New Roman со македонска поддршка, големина 12. Истиот содржи бројни графички решенија, илустрации, примери, модели, и е подготвен согласно со пропишаната наставна програма и барањата кои им се поставуваат на студентите во рамки на наставните предмети: Методика на воспитно-образовна работа по култура на говорот 1 и Методика на воспитно-образовна работа по култура на говорот 2, на студиската програма за предучилишно воспитување на Факултетот за образовни науки.

Трудот е напишан на стандарден македонски јазик со користење на кирилско писмо и е во согласност со основните методолошки барања за изработка на учебно помагало.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Понудата на учебни помагала, практикуми од областа на методиката на воспитно-образовна работа по развој и култура на говорот е доста оскудна, скромна и сметаме дека понудените содржини ќе го привлечат интересот на студентите, професионалците и ќе претставува водилка за успешно изведување на воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст од ова подрачје.

Истиот има двојна намена: ги насочува студентите кон откривање на тајните на методиката на воспитно-образовна работа по култура на говорот, стекнување на „занаетот, мајсторлакот“ во оваа работа и нуди примери за можен развој и примена на знаењата од ова подрачје.

**Краток опис на содржината**

Структурата на трудот е поделена во четири дела и тоа:

- Разработка на уметнички текстови - поместени се примери на разработка на различните видови на уметнички текстови - сликовница, сказна, лирска поезија, приказни за животни и басни басни. Покрај основниот дел се поместени и прашања кои упатуваат на основните знаења кои им се неопходни на студентите за стекнување на соодветни компетенции.
- Збогатување на речникот - наведени се примери на вежби кои водат кон богатење на детскиот речник, како и соодветни инструменти врз основа на кои може да се испита фондот на зборови со кои располага детето/ученикот.
- Артукулација – наведени се примери и инструменти за артикулација;
- Дискриминација - примери, инструменти за проценување на дискриминацијата со упатства за нивна примена и обработка на добиени податоци.

Поместените примери во практикумот ги насочуваат студентите за неопходноста од холистички приод кон методиката на воспитно-образовна работа по култура на говорот, т.е. на можноста од интеграција и корелација со содржини од други воспитно-образовни подрачја.

Користената литература консултирана при креирање на практикумот е слична со онаа во е-скриптата со ист наслов, што покажува на неопходноста од симултано користење на практикумот и скриптата од страна на студентите што ќе води кон систематско, темелно и суштинско усвојување на знаењата.

Поставен е богат визуелен материјал, мноштво на дидактички илустрации.

## З А К Л У Ч О К

Од прегледот и критичкиот осврт кон ракописот за е-практикум „Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот**“** од авторот д-р Кирил Барбареев, неговата изразена практична ориентација и дидактички облик соодветен за учење на идните учители (воспитувачи, наставници), имаме чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип да му предложиме ракописот за практикум **„Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот“** од авторот **д-р Кирил Барбареев** да го **објави** и **издаде како учебно помагало-практикум** за предметните програми Методика на воспитно-обарзованта работа по култура на говорот 1 и Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот 2 на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Лена Дамоска, с.р.**
**Проф. д-р Снежана Јованова-Митковска, с.р.**